ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 2 ДАТА 17.01.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 2 ДАТА 17.01.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 16.01.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ОСОГОВО„ Кочани: Митревски В. Христијан, Жоглев Г. Владимир, Костадинов Ж. Никола од ФК „Победа„ Валандово, Јаневски А. Петар од ФК Брегалница 2008 АД„ од Штип, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 15.01.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВО 2012„ Куманово: Лазаревиќ Теодор, Станковски Давор и Павловски Никола, по член 35/1.

Младеновски Михаил од ФК „Куманово 2012„ од Куманово, по чл. 35/2.

Атанасовски Филип, Стевчевски Никола од ФК „Металург АД„ од Скопје, по член 35/3.

КМФ „БИЦО„ Куманово: Кузевски Стефан, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Јовановски Оливер од КМФ „Врање„ Врање, Република Србија за КМФ „Бицо„ по член 35/11, поради немање на сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ, Трендафиловски Стефан и Златковски Кристијан од КМФ „БСК„ Бујановац, Република Србија по член 35/11 за КМФ „Иилирет„ Куманово, поради немање на сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница од 12.01.2018 година**

- **Склучување Анекс на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Скопје АД„ Скопје и фудбалерот Кандикјан В. Тигран Склучија Анекс на Договорот за професионално занимавање со фудбал.

**Седница од 16.01.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Попзлатанов З. Јован и Цветановски М. Матеј од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/3.

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Петковски С. Филип од ФК „Ренова АД„ Тетово, чл. 35/3.

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Адеми С. Арменд од ФК „Тетекс АД„ од Тетово и Асенов М. Даниел од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/3.

Колиќ М. Алмир, по член 35/1.

***Склучување на професионални договори:**

ФК„Вардар АД„ Скопје и фудбалерот Попзлатанов З. Јованн склучија професионален договор во времетаење од 3 години до ЗПР 2021 година.

ФК „Вардар АД„ Скопје и фудбалерот Попов Горан склучија професионален договор во времетраење од 1 година и 6 месеци до ЛПР 2019 година.

ФК „Вардар АД„ Скопје и фудбалерот Блажевски Дејан склучија професионален договор во времетраење од 6 месеци, до ЛПР 2018 година.

- **Склучување Анекс на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Садики Р. Нехар склучија Анекс на договорот за професионално со занимавање фудбал.

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот Клуб „Вардар АД„ од Скопје и фудбалрот Демири Н. Бесир го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалри при ОФС „Гази Баба„ Скопје, фудбалерите: Погосјан Г. Вардан од ФК „Работнички АД„ од Скопје, Мариновски А. Василиј од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Бакиевски С. Газим и Стевчевски Г. Никола од ФК „Металург АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат договорите за професионално занимавање со фудбал на фудбалерите: Цветановски М. Матеј со ФК „Вардар АД„ од Скопје во времетраење од 1 година и 6 месеци и Петковски С. Филип со ФК „Скопје АД„ од Скопјке во времетраење од 6 месеци, поради немање на М1 и М2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА
**Седница од 16.01.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола фудбалерите: Стојковска Д. Ангела од ЖФК „Атлетико„ од Битола, Пеев В. Оливер и Пашовски С. Горан од ФК „Пелистер АД„ од Битола и Наумовски Ѓ. Благоја од ФК „Новаци 2005„ од с. Новаци, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА
**Седница од 16.01.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Илиев А. Томислав од ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/3.

ЖФК „ТИВЕРИЈА„ Струмица: Стојковска Д. Ангела од ЖФК „Атлетико„ Битола, по чл. 35/10.

ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Мирчевски Г. Мартин од ФК „Победа АД„ од Прилеп и Пашовски С. Горан од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/3.
Ефтимов Љ. Александар од ФК „Василево Јуниор„ од с. Василево, по чл. 35/2.
Костов Р. Иван, по член 35/1.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица и фудбалерот Петрич Милован го раскинаа договорот за професионално занимавање со фдудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО
**Седница од 15.01.2018 година**

- **Регистрација н а фудбалери:**

КМФ „ШКЕНДИЈА„ Тетово: Каремани Ќ. Куштрим и Халили Х. Мeритон од КМФ „СЕЕ Университи„ од Тетово, по член 35/3.

ФК „ДАРДАНЕТ„ Тетово: Рамадани Б. Омер, Ракипи Ф. Семир, Ибраими С. Блерим, Ардит М.Јашари, Исмаили Н. Мухамед, по член 35/1.

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Адили А. Мевлан од ФК „Батрана„ од Романија и Билали С. Сабит од ФСВ 63 од Луцкеналде од Германија, по член 35/11.
Чолакај Л. Редон од ФК „КФГ Гостивар„ од Гостивар, по член 35/3.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Адили А. Мевлан склучија професионален договор во времетраење од 18 месеци до Летен преоден рок 2019 година, а со фудбалерот Билали С. Сабит склучија професионален договор за време од 3 години до ЗПР 2021 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Садриу Р.Леард од ФК„Феризај„ од Косово за ФК „Шкендија АД„ од Тетово по член 35/11 и неговиот професионален договор за време од 3 години поради немање на сертификат и Барање од МВР за вработување.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-37/5
11.01.2018 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 1 и член 72 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на 11.01.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се утврдува Редовното Генерално Собрание на ФФМ, да се одржи на ден 17 Февруари 2018 година со почеток во 11.00 часот, во Хотел Александар Палас.

2. Се задолжува Комисијата за избори и верификација, согласно своите надлежност да превземе активности во насока на организација на Редовното Генерално Собрание на ФФМ.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во стручно – информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор, на седницата одржана на ден 11.01.2018 година, го одреди датумот и местото за одржување на Редовното Генерално собрание на ФФМ како во диспозитивот на оваа одлука .

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-37/5

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-3631/1,1

Футсал: 2017 - 2018

Скопје: 27.12.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за мал фудбал, Комисијата за мал фудбал на ден 27.12.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КМФ Шкендија – Тетово се казнува со автоматска парична казна од 25.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје.**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 10 коло на Футсал Втора Лига 17/18 помеѓу, КМФ Рудник Саса- КМФ ШКЕНДИЈА одигран на ден 23.12.2017 година, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Шкендија Џелили Фатмир исклучен со два жолта картона,првиот во 35 минута поради неспортско однесување и вториот во 38 минута поради неспортско однесување на натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ Шкендија–Тетово
- Макфудбал
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседавач

Добре Иванов с.р.

Дисциплинска комисија на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 08 - 3628/1 -1 29.12.2017 год.

Врз основа на член 135 и 137 од Статутот на ФФМ а во врска со член 72 и 78 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија на ФФМ во состав: Арбен Борова- претседавач, Мартин Саздов -член, Дејан Бошков- член и Сашка Зердеска – член, на седницата одржана на ден 29.12.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Петковски Никола, Преставник на ЖФК Атлетико од Битола му се му се изрекува дисциплинска санкција казна на било каква дејност поврзана со фудбалот во временраење од 2 (две) години, поради учество на раководството на клубот во нерегуларност- недозволено влијание на раководството на клубот на текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран во рамките на 2 коло на Прва женска лига во натпреварувачката 2017/18 година.

2. На Петковски Никола му се изрекува парична казна во висина од денарска противвредност на 500,00(петсто) евра.

3. Паричната казна треба да се уплатаи во рок од 15 дена од денот на правосилност на одлуката на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална банка АД Скопје .

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „ Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Дисциплинската комисија на ФФМ беше поднесена пријава од Комисијата за женски фудбал за пријавени нерегуларности од страна на тренерот на ЖФК Борец Нацев Тоше за текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран на ден 13.09.2017 год, во рамките на второ коло на Првата женска лига.

По разгледување на пријавата Комисијата утврди дека е потребно да се сослушаат посочените актери во пријавата како би можело да се донесе одлука за покренување на дисциплинска постапка.Комисијата за постапувањето го информираше Дисциплинскиот инспектор на ФФМ и Офицерот за интегритет на ФФМ и побара спроведување на истражни дејствија преку сослушување на сите посочени инволвирани лица во пријавата.

Врз основа на сослушувањата и изјавите добиени во подготвителната постапка, Комисијата на седницата одржана на ден 31.10.2017 год, врз основа на член 121 а во врска со член 71,72,73 и 78 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесе одлука за покренување на дисциплинска постапка против ЖФК Атлетико, преставникот на клубот Петковски Никола и против претседателот на клубот Гелевски Никола кој на записникот на натпреварот е евидентиран како службено лице на клубот -

кондиционен тренер. Во текот на постапката беа побарани изјави од сите службени лица на натпреварот, службените лица на двете екипи заведени на записник како и од фудбалерите на ЖФК Атлетико заведени на записник.

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 29.12.2017 година врз основа на целокупната документација, изјавите дадени на записник и видео запис од натпреварот ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 13.09.2017 год, во рамките на второ коло на Првата женска лига одигран е натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико. Пред почеток на натпреварот во соблекувалната на ЖФК Атлетико влегол претставникот на клубот Петковски Никола. Истиот им се обратил на фудбалерките давајќи им насоки за текот и исходот на натпреварот нагласувајќи дека натпреварот мора да се одигра.

Врз основ на сите изјави и факти Дисциплинската комисија констатираше дека делото е сторено а со тоа се прекршил член 72 и 78 од ДП на ФФМ.

Врз основа на член член 72 и 78 од ДП на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

Дисциплинска комисија
Претседавач,

Арбен Борова с.р

доставено до:
- Петковски Никола
- Макфудбал
- архива на ФФМ

Дисциплинска комисија на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 08 - 3628/1-2
29.12 2017 год.

Врз основа на член 135 и 137 од Статутот на ФФМ и член 79 а во врска со член 73 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија на ФФМ во состав: Арбен Борова- претседавач, Мартин Саздов -член, Дејан Бошков- член и Сашка Зердеска – член, на седницата одржана на ден 29.12.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Гелевски Никола Претседател на ЖФК Атлетико од Битола му се му се изрекува дисциплинска санкција казна на било каква дејност поврзана со фудбалот во времетраење од 2 (две) години, поради учество во нерегуларност-недозволено влијание на раководството на клубот на текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран во рамките на 2 коло на Прва женска лига во натпреварувачката 2017/18 година.

2. На Гелевски Никола му се изрекува парична казна во висина од денарска противвредност на 500,00(петсто) евра.

3. Паричната казна треба да се уплатаи во рок од 15 дена од денот на правосилност на одлуката на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална банка АД Скопје .

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „ Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Дисциплинската комисија на ФФМ беше поднесена пријава од Комисијата за женски фудбал за пријавени нерегуларности од страна на тренерот на ЖФК Борец Нацев Тоше за текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран на ден 13.09.2017 год, во рамките на второ коло на Првата женска лига.

По разгледување на пријавата Комисијата утврди дека е потребно да се сослушаат посочените актери во пријавата како би можело да се донесе одлука за покренување на дисциплинска постапка.Комисијата за постапувањето го информираше Дисциплинскиот инспектор на ФФМ и Офицерот за интегритет на ФФМ и побара спроведување на истражни дејствија преку сослушување на сите посочени инволвирани лица во пријавата.

Врз основа на сослушувањата и изјавите добиени во подготвителната постапка, Комисијата на седницата одржана на ден 31.10.2017 год, врз основа на член 121 а во врска со член 71, 72 и 73 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесе одлука за покренување на дисциплинска постапка против ЖФК Атлетико, преставникот на клубот Петковски Никола и против претседателот на клубот Гелевски Никола кој на записникот на натпреварот е евидентиран како службено лице на клубот -

кондиционен тренер. Во текот на постапката беа побарани изјави од сите службени лица на натпреварот, службените лица на

двете екипи заведени на записник како и од фудбалерите на ЖФК Атлетико заведени на записник

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 29.12.2017 година врз основа на целокупната документација, изјавите дадени на записник и видео запис од натпреварот ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 13.09.2017 год, во рамките на второ коло на Првата женска лига одигран е натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико. Пред почеток на натпреварот во соблекувалната на ЖФК Атлетико влегол претставникот на клубот Петковски Никола. Истиот им се обратил на фудбалерките давајќи им насоки за текот и исходот на натпреварот нагласувајќи дека натпреварот мора да се одигра. Фудбалерките по напуштање на соблекувалната вознемирени од настанатата состојба за извршеното наговарање за недозволено влијание на текот и исходот на натпреварот го информирале Гелевски Никола, претседател на клубот кој на самиот натпревар присуствувал како службено лице на клубот односно кондиционен тренер.Натпреварот почнал во закажаниот термин.

Комисијата врз основа на фактичката состојба утврдена од расположливите материјали и изјавите на дел од фудбалерите дадени во постапката на записник утврди дека раководството на ЖФК Атлетико учествувало во нерегуларност на начин што е сторен прекршок од член 73 од ДП на ФФМ ,па така и покрај сознанието за извршено наговарање и направен притисок врз фудбалерките на ЖФК Атлетико не превземал никаква активност во насока на спречување ниту за недозволеното влијание ги информирал службените лица на натпреварот ниту органот кој го води натпреварувањето.

Врз основа на член 79 а во врска со член 73 од ДП на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

доставено до:
- Гелевски Никола
- Макфудбал
- архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседавач,

Арбен Борова с.р

ФФМ

Дисциплинска комисија на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 08-3628/1-3
29.12.2017 год.

Врз основа на член 135 и 137 од Статутот на ФФМ а во врска со член 71, 72, 73 и 79 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија на ФФМ во состав: Арбен Борова- претседавач, Мартин Саздов -член, Дејан Бошков- член и Сашка Зердеска – член, на седницата одржана на ден 29.12.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На ЖФК Атлетико од Битола му се изрекува дисциплинска мерка – одземање на 9 бода од бодовното салдо од натпреварувачката 2017/18 година поради учество на раководството на клубот во нерегуларност-недозволено влијание на раководството на клубот на текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран во рамките на 2 коло на Прва женска лига во натпреварувачката 2017/18 година.

2. На ЖФК Атлетико од Битола му се изрекува парична казна во висина од денарска противвредност на 1500,00(илјада и петстотини) евра.

3. Паричната казна треба да се уплатаи во рок од 15 дена од денот на правосилност на одлуката на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална банка АД Скопје .

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „ Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Дисциплинската комисија на ФФМ беше поднесена пријава од Комисијата за женски фудбал за пријавени нерегуларности од страна на тренерот на ЖФК Борец Нацев Тоше за текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран на ден 13.09.2017 год, во рамките на второ коло на Првата женска лига.

По разгледување на пријавата Комисијата утврди дека е потребно да се сослушаат посочените актери во пријавата како би можело да се донесе одлука за покренување на дисциплинска постапка.Комисијата за постапувањето го информираше Дисциплинскиот инспектор на ФФМ и Офицерот за интегритет на ФФМ и побара спроведување на истражни дејствија преку сослушување на сите посочени инволвирани лица во пријавата.

Врз основа на сослушувањата и изјавите добиени во подготвителната постапка, Комисијата на седницата одржана на ден 31.10.2017 год, врз основа на член 121 а во врска со член 71, 72 и 73 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесе одлука за покренување на дисциплинска постапка против ЖФК Атлетико, преставникот на клубот Петковски Никола и против претседателот на клубот Гелевски Никола кој на записникот на натпреварот е евидентиран како службено лице на клубот - кондиционен тренер. Во текот на постапката беа побарани изјави од сите службени лица на натпреварот, службените лица на -

двете екипи заведени на записник како и од фудбалерите на ЖФК Атлетико заведени на записник.

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 29.12.2017 година врз основа на целокупната документација ,изјавите дадени на записник и видео запис од натпреварот ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 13.09.2017 год, во рамките на второ коло на Првата женска лига одигран е натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико. Пред почеток на натпреварот во соблекувалната на ЖФК Атлетико влегол претставникот на клубот Петковски Никола. Истиот им се обратил на фудбалерките давајќи им насоки за текот и исходот на натпреварот нагласувајќи дека натпреварот мора да се одигра. Фудбалерките по напуштање на соблекувалната вознемирени од настанатата состојба за извршеното наговарање за недозволено влијание на текот и исходот на натпреварот го информирале Гелевски Никола, претседател на клубот кој на самиот натпревар присуствувал како службено лице на клубот односно кондиционен тренер.Натпреварот почнал во закажаниот термин.
Комисијата врз основа на фактичката состојба утврдена од расположливите материјали и изјавите на дел од фудбалерите дадени во постапката на записник утврди дека раководството на ЖФК Атлетико учествувало во нерегуларност на начин што е сторен прекршок од член 73 од ДП на ФФМ ,па така и покрај сознанието за извршено наговарање и направен притисок врз фудбалерките на ЖФК Атлетико не превземал никаква активност во насока на спречување ниту за недозволеното влијание ги информирал службените лица на натпреварот ниту органот кој го води натпреварувањето.

Врз основа на член 79 а во врска со член 71,72 и 73 од ДП на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

доставено до:
- ЖФК Атлетико од Битола
- Макфудбал
- архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседавач,

Арбен Борова с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-3631/1,2

Скопје: 29.12.2017 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Целили Фатмир играч на КМФ Шкендија- Тетово врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 29.12.2017 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Целили Фатмир со ИД 101516 играч на КМФ Шкендија-Тетово се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 24.12.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 10 коло Втора Футсал Лига 17/18 помеѓу: КМФ Рудник Саса- КМФ Шкендија одигран на ден 23.12.2017 година ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот КМФ Шкендија Целили Фатмир со ИД број(101516) исклучен со два жолти картона,првиот во 35 минута поради неспортско однесување и вториот во 38 мниута поради неспортско однесување на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КМФ Шкендија -Тетово
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-3631/1-2

Скопје: 29.12.2017 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Сугарев Ристо Комесар за безбедност на КМФ "Гемиџии 1903"-Велес врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 29.12.2017 година донесе:

# О Д Л У К А

1 **Сугарев Ристо Комесар за безбедност на КМФ "Гемиџии 1903"- Велес се казнува со дисциплинска мерка забрана на вршење на било која дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1 (еден) месец.**

2 **Казната тече од 29.12.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 9 коло на Втора Футсал Лига 17/18 помеѓу: КМФ ГЕМИЏИИ- КМФ УНИПАБ одигран на ден 16.12.2017 година во Велес ја констатира следната фактичка состојба:Комесарот за безбедност на КМФ "Гемиџии 1903" Сугарев Ристо исклучен во 36 минута поради физички напад кон кондициониот тренер на КМФ "Унипаб" Александар Андов на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КМФ Гемиџии -Велес
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-3631/1-3

Скопје: 29.12.2017 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Александар Андов Кондиционен тренер на КМФ 'Унипаб''-Кочани врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 29.12.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Александар Андов Кондиционен тренер на КМФ ''Унипаб'- Кочани се казнува со дисциплинска мерка забрана на вршење на било која дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1 (еден) месец.**

2 **Казната тече од 29.12.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 9 коло на Втора Футсал Лига 17/18 помеѓу: КМФ ГЕМИЦИИ- КМФ УНИПАБ одигран на ден 16.12.2017 година во Велес ја констатира следната фактичка состојба:Кондициониот тренер на КМФ ''Унипаб'' Александар Андов исклучен во 36 минута поради физички напад кон Комесарот за безбедност на КМФ ''Гемиџии 1903'' Сугарев Ристо на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КМФ Унипаб- Кочани
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**